Основниот суд Велес, како првостепен суд од судијата Димова Лидија во правната работа на тужителот М. Ѓ. од В. против должникот АД П.... во стечај од В., за неисплатени плати, вредност 225.000,00 денари, постапувајќи по предлогот на тужителот за ослободување од плаќање на трошоци во постапката - судски такси за ревизија, без одржување на рочиште, денес на ден 05.01.2017 година, го донесе следното :

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на доверителот М. Ѓ. од В. да се ослободи од плаќање на трошоци за судски такси за изјавена ревизија против решението РП......... од 02.02.2016 година на Основниот суд Велес и решението РОЖ-............ од 09.11.2016 година Апелациониот суд Скопје , СЕ ОДБИВА.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот М. Ѓ. од В.на 31.12.2015 година поднел барање за повторување на постапка, формирано во предметот РП.2/15, постапувајќи по кое овој суд со решение од 02.02.2016 година предлогот го отфрли.

Незадоволен, тужителот изјави жалба против решението по кое Апелациониот суд Скопје со решение РОЖ-........... од 09.11.2016 година, жалбата на доверителот ја одби а решението на овој суд го потврди.

На 30.12.2016 година тужителот изјави ревизија во која согласно чл.163 од ЗПП побара ослободување од плаќање судски такси за ревизија, наведувајќи дека тој бил корисник на мимимална пензија а неговата сопруга не била вработена, поради што со плаќање на судските такси за ревизија ќе се довела во прашање неговата нужна издршка. Кон барањето за ослободување од плаќање судски такси за ревизија, тужителот не предложи доказ за неговата материјална состојба.

.

При ваква состојба, судот одлучи да го одбие предлогот тужителот да биде ослободен од плаќање на трошоци за судска такса за ревизија од следните причини :

Согласно чл. 163 ст. 1 од ЗПП, судот ќе ја ослободи од плаќање на трошоци на постапката , странката која според својата општа имотна состојба не е во можност да ги поднесува овие трошоци без штета за својата нужна издршка и нужната издршка на своето семејство. Со ст. 4 од овој член и Закон, утврдено е дека при донесувањето на одлуката за ослободување од плаќање на трошоци на постапката, судот грижливо ќе ги оцени сите околности, а особено ќе ја земе предвид вредноста на предметот на спорот, бројот на лицата што ги издржува странката и приходите што ги имаат странката и членовите на нејзиното семејство.

Со чл. 164 ст. 2 од ЗПП, предвидено е дека, странката е должна кон предлогот да поднесе Уверение од надлежниот орган на државната управа за својата имотна состојба, а со ст. 5 од истиот член и Закон, предвидено е дека, кога е тоа потребно и самиот суд може по службена должност да ги прибави потребните податоци и известувања за имотната состојба на странката која бара ослободување.

Во конкретниов случај тужителот со предлогот, тврди дека остварува приходи од пензија за која наведува дека е минимална, но не достави доказ за висината на месечната пензија што ја остварува, наведува дека неговата сопруга не била вработена за која не достави соодветен доказ за тоа, ниту приложи Уверение од надлежниот орган на државната управа за својата имотна состојба.

При ваква состојба бидејќи тужителот не ја докажа својата имотна состојба со потребни докази како услов за ослободување од плаќање на судски такси за ревизија, следуваше судот да одлучи да го одбие предлогот на тужителот да биде ослободен од плаќање трошоци за судски такси.

Судија
Димова Лидија

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение тужителот има право на жалба ворок од 15 дена од приемот, преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје